**Коалиција Сите за правично судење**

# Непристрасен суд низ перцепциите на јавноста

**јуни, 2020**

**Издавач:**
Коалиција Сите за правично судење

**Автори:**
Ивана Петковска
Емилија Спасовска

Достапно единствено како електронско издание

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

НЕПРИСТРАСЕН СУД НИЗ ПЕРЦЕПЦИИТЕ НА ЈАВНОСТА

**Justitia omni auro carior – Cicéron**

„Судијата е должен да ја врши судиската функција непристрасно, како при донесување на одлуките, така и во водење на постапките“.[1] Ова е едно од основните начела вметнати во Кодексот за судиска етика за судии во Р. Северна Македонија. Согласно истиот овој Кодекс: „Независен, непристрасен и со закон востановен суд претставува гаранција во заштитата на уставноста и владеењето на правото.[2] **Непристрасноста е од суштествено значење за соодветно извршување на судската функција**“.[3]

Правото на судење од страна на непристрасен суд, без разлика дали станува збор за граѓанска или кривична постапка е фундаментално човеково право кое што треба да се почитува во судските постапки. Ова право е комплексно и опфаќа уставно-процесна гаранција за независен суд in abstracto и право на непристрасен суд in concreto.[4] Уставно-процесната гаранција за независен суд in abstracto е загарантирана со Уставот и подразбира дека судската власт е независна од извршната и законодавната власт. Сепак, ваквата гаранција не обезбедува непристрасност во судењето поради тоа што непристрасноста во судењето подразбира неутралност и објективност на судиите при одлучувањето во конкретен случај. Поради тоа, судската заштита на било кое лице во ниту еден случај не може да се загрози со доверување на судењето во рацете на лица чија пристрасност е доведена под знак прашалник.

Објективноста на судијата може да биде доведена во прашање поради надворешни влијанија или поради субјективни својства на судијата. Клучното прашање е дали поради некои од овие фактори судијата може да биде заинтересиран за исходот на конкретната постапка. Токму поради ова, а со цел правично судење, потребно е судијата во конкретниот случај да биде исклучен од вршењето на судската функција. Со цел за да се спречи повреда на непристрасност во судењето, законодавецот предвидел процесен институт - изземање на судија.

Изземање е отстранување од вршењето на судиската должност на судија и на другите лица кои вршат судиска функција (судии поротници) во случаите кога постојат околности кои создаваат сомнение во објективноста и непристрасноста на судијата во одлучувањето по конкретен предмет.[5]

Согласно член 33 став 1 точка 5 од Законот за кривична постапка (ЗКП), меѓу другото причина за изземање е доколку судијата во истиот кривичен предмет учествувал во донесувањето на одлуката на понискиот суд или ако во истиот суд учествувал во донесувањето на одлуката која се побива со жалбата.

Согласно член 34 од ЗКП, судијата или судија - поротник веднаш штом ќе дознае дека постои некоја од причините за изземање е должен да ја прекине секоја работа врз тој предмет и за тоа да го извести претседателот на судот, кој со процесно решение ќе донесе одлука за тоа дали постои основ за



[1] Точка 1 – Принципи од Кодексот на судиската етика, стр. 5.
[2] Преамбула од Кодексот на судиската етика, стр. 2.
[3] Точка 1 – Принципи од Кодексот на судиската етика, стр. 5.
[4] http://ihr.org.mk/p.php?pid=359
[5] https://bit.ly/2Xpj27L

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

иземање. Предлог за изземање на судија или член на судечки совет може да поднесат и странките во постапката доколку имаат сознанија дека постои основ за изземање. Во моментот кога ќе биде поднесен предлогот за изземање, во истиот момент се запира постапката се додека не се донесе решение од страна на претседателот на судот.

Во август 2018 година започна судскиот процес поврзан со насилството и настаните кои што се случија на 27.04.2017 година во Собранието на Република Македонија за изборот на претседател на Собранието [6]. Овој судски процес започна со 33 обвинети лица кои што од страна на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се гонеа за кривичното дело - Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста по чл.313 од Кривичниот законик (КЗ).

Во декември 2018 година од страна на Собранието на Република Македонија беше донесен Законот за амнестија со кој се ослободуваат од кривично гонење, се запираат поведените кривични постапки и целосно се ослободуваат од издржување на казната затвор лицата за кои постои основано сомневање дека сториле кривично дело поврзано со настаните во Собранието на Република Македонија од 27 април 2017 година. Во истиот овој закон во членот 1 став 2 исто така беше наведено дека овој закон не се однесува на лицата кои учествувале во подготовки и организирање на настаните во Собранието или се правосилно осудени како и лица со прикриен идентитет кои употребиле физичка сила, лица кои сториле насилство, лица кои неовластено носеле оружје или распрскувачки материјали како и лица кои постапиле спротивно на службените овластувања при вршење на кривичното дело од чл.313 од КЗ.

Во тој период Коалиција „Сите за правично судење“ не навлегувајќи во суштината, идејата и оправданоста на законот објави статија за колизијата на овој закон со Кривичниот законик, Законот за кривичната постапка и Законот за извршување на санкциите.

Согласно Законот за амнестија, постапката се поведуваше со барање кое што се поднесува до првостепениот суд, а по жалба на решенијата согласно овој закон постапуваше непосредно повисокиот суд односно конкретно во овој случај Апелациониот суд Скопје.

На почетокот на 2019 година, 15 обвинети од овој судски предмет беа амнестирани, а за 18 обвинети лица постапката продолжи и заврши со првостепена пресуда со која за еден обвинет од нив имаше ослободителна пресуда, а за останатите беше донесена осудителна пресуда и на сите им беше изречена ефективна казна затвор.

На ден 27, 28 и 29.05.2020 година беше одржана јавна седница пред Апелациониот суд Скопје по жалба на првостепената пресуда. Дел од бранителите на обвинетите во случајот се обратија до судечкиот совет со предлог за изземање на двајца судии-членови на судечкиот совет поради пристрасност на судиите и оформено мислење со оглед на тоа дека истите постапувале во совет кој што одлучувал по жалбите на дел од обвинетите во однос на амнестијата, а исто така одлучувале и во однос на продолжување на мерката притвор како и изрекување на мерката гаранција. Бранителите исто така истакнаа дека Законот за кривична постапка јасно наведува дека доколку судија во истиот суд решавал и донел одлука што може да се побива со жалба, не може повторно да решава, а во конкретниот случај судиите веќе во два наврати биле судии во претходни постапки и нивите решенија веќе биле побивани

[6] Сегашна Република Северна Македонија



Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

со жалба. По изнесениот предлог, од страна на Апелациониот судот беше донесено решение со кое што барањето за иземање не беше уважено и постапката продолжи пред истиот судечки совет.

**Согласно член 6 од Европската конвенција за човекови права секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него.**

Ова право е потврдено во повеќе случаи кои произлегуваат од судската пракса на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП).

Во случајот *Митриновски против РМ* [7], ЕСЧП навел дека по правило, непристрасноста подразбира отсуство на предрасуда или пристрасност. Според востановената пракса на ЕСЧП, постоењето на непристрасноста за потребите на членот 6 став 1 мора да биде определена според а) субјективен тест, по кој се води сметка за личните убедувања и однесувањето на определен судија – односно, дали судијата имал лична предрасуда или пристрасност во одреден случај и б) објективен тест, односно осигурување дали самиот совет и помеѓу останатите аспекти, неговиот состав, нуди доволни гаранции да се исклучи било каков легитимен сомнеж во поглед на неговата непристрасност.

Во конкретниот случај, судијата кој бил претседател на Врховниот суд во тој период и член на Судскиот совет по службена должност, ја повел оспорената постапка во врска со жалителот, кој во периодот бил претседател на Апелациониот суд Скопје. Барањето било поднесено откако кривичниот оддел на Врховниот суд, кој бил надлежен да расправа по процесни и материјални прашања поврзани со кривични предмети едногласно утврдил дека „имало нестручно постапување од страна на двајца судии". Судијата учествувал во кривичниот оддел и гласал во полза на овие наоди. При такви околности, ЕСЧП сметал дека жалителот имал легитимна основа да стравува дека судијата веќе имал лично убедување дека тој треба да биде разрешен заради нестручно постапување, пред тоа прашање да се покрене пред Судскиот совет.

Сепак, самиот факт дека судијата во кривичниот суд донел решенија во предистражна постапка во ист случај, вклучително и решенија за притвор, не може да се смета како оправдан страв за недостаток на непристрасност. Она што е важно е степенот и природата на овие одлуки (*Феј против Австрија).*[8] Кога решенијата за продолжување на притворот бараат „повисок степен на јасност" во однос на прашањето за вина, ЕСЧП утврдил дека непристрасноста на засегнатите судии може да се доведе во прашање и дека стравовите на жалителот во овој поглед може да се сметаат за објективно оправдани *(Хаушилдт против Данска*).[9]

ЕСЧП стои на ставот дека е од фундаментално значење во едно демократско општество судовите да инспирираат доверба во јавноста, а пред сè, кога станува збор за кривична постапка, во случајот (*Падовани против Италија*).[10] Кога се одлучува дали во даден случај постои легитимна причина дека на судот му недостасува непристрасност, ставот на оние што тврдат дека судот е пристрасен е важен, но



[7] А. бр. 6899/12, пресуда на ЕСЧП од 30 април 2015 година.
[8] А. бр. 14396/88, пресуда на ЕСЧП од 24 февруари 1993 година.
[9] А. бр. 10486/83, пресуда на ЕСЧП од 24 мај 1989 година.
[10] А. бр. 13396/87, пресуда на ЕСЧП од 26 февруари 1993 година.

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

не и пресуден. Она што е пресудно е дали стравот може да се смета за објективно оправдан (*Феранетели и Сантанџело против Италија*).[11]

Прашањата во врска со функционирањето на правосудниот систем, кој е неопходен за секое демократско општество, спаѓаат во јавниот интерес. Како чувар на правдата, која е една од фундаменталните вредности во една држава, судството мора да ужива доверба во јавноста и совесно да ги извршува своите должности. Поради тоа, понекогаш неопходно е да се заштити таква доверба од штетни напади кои можат да бидат суштински неосновани, особено ако се има предвид дека судиите кои биле критикувани подлежат на дискреционо право што ги спречува да одговорат на таквите напади (*Прагер и Обершлик против Австрија*).[12]

Имено, ЕСЧП утврдува повреда на членот 6 од конвенцијата (*Гомез де Лиано и Ботела против Шпанија*)[13] со тоа што истиот судија постапувал и донел процесни решенија во други фази од постапката, па со самото тоа ЕСЧП смета дека судијата веќе има оформено мислење, па постои недостаток на судска непристрасност.

Клучното прашање кое се поставува во конкретниот случај (27 април) е како да се утврди дали еден судија е пристрасен или не при донесувањето на одлука, особено имајќи предвид колку е тенка границата меѓу објективност и пристрасност и дали самите судии можат да донесат одлука за себеси дали се пристрасни или не. Имено, се поставува прашањето колку судиите можат да бидат непристрасни во услови кога веќе донесувале одлуки не само за продолжување на притвор и останати мерки, туку и решавајќи по барање за амнестија, односно до кој степен оформиле мислење за вината на обвинетите и ја земале предвид фактичката состојба, како и дали самите можат да ја донесат одлуката за нивната непристрасност.



**Во таа насока, Коалиција „Сите за правично судење“ апелира за потребата на примена на високи стандарди за совесно и професионално извршување на судсиската функција од страна на судиите, како и одржување и спроведување на високи стандарди на професионално однесување, но и доследно почитување тие стандарди како би се одржал интегритетот на судството. Тоа значи дека судовите треба да спроведуваат транспарентни постапки и да носат детално образложени одлуки кои ќе ја поттикнат довербата на јавноста во судството и ќе ја зајакнат сликата за објективност, непристрасност и законитост во работењето. Дополнително, доколку судиите навистина имаат веќе оформен став во однос на прашањето за вина во конкретниот предмет, поради постапување и донесување на одлука во претходна постапка, истите треба да се повлечат и да го отстапат случајот, со цел да не фрлат дамка врз правосудството и да ја доведат под знак прашалник непристрасноста на судството.**

Со почитување на правото на судење пред независен и непристрасен суд судската власт треба да се стреми кон зајакнување на довербата на граѓаните во судството, без да има сомневање за пристрасноста во носењето на одлуките од страна на судот.

[11] А. бр. 19874/92, пресуда на ЕСЧП од 7 август 1996 година.
[12] А.бр. 15974/90, пресуда на ЕСЧП од 26 април 1995 година.
[13] А.бр. 21369/04, пресуда на ЕСЧП од 22 јули 2008 година.

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје